Република Северна Македонија
Агенција за лекови и медицински средства
Republika e Maqedonisë së Veriut
Agjencia e barnave dhe pajisjeve mjekësore

Бр. / Nr.: 02-29/13
Датум / Data: 21-01-2022 година /viti

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20 и 215/21), в.д. директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по пат на Интерен оглас бр. 02/2021 за пополнување на работни места на административни службеници преку постапка за унапредување**

1. **Јехона Аљиу Шаќири** се избира од предложената финална ранг листа на кандидати по Интерниот оглас бр. 02/2021, за работното место со шифра УПР 01 01 Б04 000, **Раководител на одделение за фармако-економски и фармакоепидемиолошки мислења,** во Секторот за информации за лекови и медицински средства во Агенцијата за лекови и медицински средства.
2. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од точката 1, во рок од пет дена по конечноста на оваа одлука.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр.18-1770/2 од 17.03.2021 година, в.д. директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства упати Барање за започнување на постапка за унапредување на административни службеници во Агенцијата за лекови и медицински средства бр. 02-12821/1 од 27.12.2021 година, меѓукои и за работното место раководител на одделение за фармако-економски и фармакоепидемиолошки мислења.

Одделението за управување со човечки ресурси го објави Интерниот оглас број 02/2021 година заведен со архивски бр. 02-12821/3 од 27.12.2021 година за пополнување на работни места на административни службеници преку постапка за унапредување на 4 (четири) административни службеници во Агенцијата за лекови и медицински средства на ден 28.12.2021 година на веб страницата на Агенцијата за лекови и медицински средства и веб страницата на Агенцијата за администрација.

Со Решение бр. 02-29/2 од 05.01.2022 година од страна на в.д. директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства е формирана Комисија за селекција за унапредување.

На интерниот оглас за горенаведеното работно место се пријавија тројца кандидати. Комисијата спроведе постапка за административна селекција од пријавените кандидати кои што ги исполнуваат условите утврдени согласно Законот за административни службеници, Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за лекови и


Агенција за лекови и медицински средства Скопје
Agjencia e barnave dhe pajisjeve mjekësore Shkup
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, кат 1-ви 1000, Скопје, Република Северна Македонија
Rr. „Shën Kirili dhe Metodij" numër 54, kati i parë 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 5112-394
www.malmed.gov.mk

медицински средства и Интерниот оглас бр. 02/2021. Со оглед дека се работи за унапредување на административен службеник на работно место во категоријата Б, интервјуто со кандидатите го изврши в.д. директорот на Агенцијата.

Врз основа на бодовите од административната селекција и одржаното интервју, Комисијата состави: Записник од спроведена административна селекција за интерен оглас бр.02/2021 заведен под бр.02-29/3 од 11.01.2022 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.02-29/9 од 14.01.2022 година и изготви финална ранг-листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат.

Имајќи во предвид дека постапката за пополнување на работни места на административни службеници преку постапка за унапредување започна во 2021 година, на барање на Агенцијата за лекови и медицински средства од страна на Министерството за финансии е издадено Известување бр.18-336/2 од 18.01.2022 година со кое се прогласува за важечкаа согласноста за обезбедени финансиски средства издадена во 2021 година.

Врз основа на финалната ранг листа в.д директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства за работното место раководител на одделение за фармако-економски и фармакоепидемиолошки мислења го избра кандидатот Јехона Аљиу Шаќири.

По конечноста на оваа одлука, в.д. директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства ќе донесе решение за унапредување на именуваниот административен службеник.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавување на Одлуката на веб страницата на Агенцијата за лекови и медицински средства – Скопје.

**В.Д. ДИРЕКТОР / U.D. DREJTORI**

**Mr. farm. spec. Lirim Shabani**

ДОСТАВЕНО ДО:

- Именуваното лице,
- Одделение за управување со човечки ресурси,
- Архива.


Агенција за лекови и медицински средства Скопје
Agjencia e barnave dhe pajisjeve mjekësore Shkup
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, кат 1-ви 1000, Скопје, Република Северна Македонија
Rr. „Shën Kirili dhe Metodij" numër 54, kati i parë 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 5112-394
www.malmed.gov.mk